Бр. 05-2410/1
Скопје, 16-09-2024 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки (”Службен весник на РМ“ бр.24/19 од 01.02.2019г ), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, министерот за правда Игор Филков ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за јавна набавка на услуги – Миење на моторни возила

1. За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: **услуги – Миење на моторни возила.**

1.1 Предмет (вид) на набавка: **услуги – Миење на моторни возила** .

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 120.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 21.600,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 141.600,00 денари.
Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.

3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка.
Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ” бр,24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала вредност** за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСјН, која нема да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во постапката.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

Претседател на комисија: Един Пачариз
Членови: Александар Тодоровски
Зоран Георгиевски

Заменик претседател на комисија: Нофка Стојанова
Заменици членови: Стојановски Александар
Адријана Красниќ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки на Министерството за правда бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е: набавка на **услуги – Миење на моторни возила**.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 120.000 00 без вклучен ДДВ. ДДВ во вредност од 21.600,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 141.600,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.

Согласно горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Сектор за општи работи
- Сектор за финансиски прашања

Igor Filkov

Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2024.09.18 11:12:27 +02'00'

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвил/а: Марина Миновска, Раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification